Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА
НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
Бр. 04-205/8
06.08 2025 год.
СКОПЈЕ

# Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 110/2019и 121/24), член 22 став (1) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ 27/14, 199/14, 27/16, 36/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ„ бр.143/19, 14/20 и 208/24) и член 23 став (4) од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха", директорот на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи на ден 06.08.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место Соработник за координација на постапка за акредитација на здравствените установи**

1. **Јована Андоновска** врз основа на Јавен оглас број 01/2025 објавен на ден 28.07.2025 година во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха", се вработува во Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи на работно место: Соработник за координација на постапка за акредитација на здравствените установи во Одделение за акредитација на здравствените установи.
2. По потпишување на Одлуката за извршен избор директорот на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи ќе потпише Договор за вработување на определено време во Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија

# Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи

## *Образложение*

По добивањето на согласност од Министерството за финансии за вработување на **2 (два)** извршители на определено време, Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установина ден 28.07.2025 година објави оглас за вработување на **1 (еден)** извршител на определено време (до 31.12.2025 година). По разгледување на апликацијата на пријавениот кандидат за објавеното работно место по огласот за спроведување постапка за засновање на работен однос на определено време, Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време направи увид и проверка на документацијата на кандитатот согласно општите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи состави Записник од извршена селекција по јавен оглас на определено време број 01/2025, заверен со архивски број 04-205/6 од 01.08.2025 година. Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време спроведе интервју на ден 05.08.2025 година со кандидатот кој ги исполнува предвидените услови.

Врз основа на доставениот Записник и спроведеното интервју од страна на Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време, директорот на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи го избра кандидатот Јована Андоновска на работно место: Соработник за координација на постапка за акредитација на здравствените установи во Одделение за акредитација на здравствените установи.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа Одлука може да се поднесе жалба во рок од (8) осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Агенцијата за квалитет и акредитација на здраствени установи до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Директор**

**Билјана Димитрова**

Доставено до:
- Одделение за општи и заеднички работи
-Архива